Здружение РАДКО
Претседател
Владимир Паунковски
ул. Галичица бр. 47, 2/4
6000 Охрид
GSM: + 389 71 51 08 26
E-Mail: radkomk@gmail.com
Website: www.radkomk.com

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ
Регионална Регистрациона Канцеларија
во Охрид број 3

Охрид, 27.07.2009г.

Деловоден број: 30320090002987

**I Дел**

Со писма од 22.05.2009г. упатени до Министерство за правда на Република Македонија, до Уставен Суд на Република Македонија и до Основен суд – Охрид побаравме по службена должност да се извршите возобновување на регистрацијата на здружението РАДКО, согласно пресудата бр. 74651/01 од 15.01.2009 г. на Европскиот суд за човекови права и потврдата за правосилност на истата од 05.05.2009 г..
Министерство за правда на Република Македонија (Министер г-н Михајло Маневски) со писмо бр.07-2515/2 од 28.05.2009 г. не упати на повторна пререгистрација, наместо да постапи согласно пресудата бр. 74651/01 од 15.01.2009 г..
Уставен Суд на Република Македонија не одговори.
Основен суд – Охрид со писмо Су.бр. 03-261/09 од 27.05.2009 г. не информира дека повеќе во Основните судови не е надлежноста за регистрација на Здруженија на граѓани.
Врз основа на овие писма и врз основа на Вашето ИЗВЕСТУВАЊЕ Бр. 08-634 од 21.07.2009, здружението РАДКО, преку сопствениот адвокат којшто го застапуваше здружението пред Европскиот суд за човекови права, ќе го информира КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИТЕ на ПАСЕ дека Република Македонија досега не ја почитува пресудата бр. 74651/01 од 15.01.2009 г. на Европскиот суд за човекови права.
Посебно во таа информација ќе биде наведено:
- Вашето повторно повикување за усогласување на нашата Програма и Статут со член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите и
- Вашето барање нашите приложени акти да бидат за ново основање на здружение, а не за континуитет на здружението РАДКО.

## II Дел

Врз основа на Вашето ИЗВЕСТУВАЊЕ Бр. 08-634 од 21.07.2009г., постапувајки по него Ве информираме:

**01. Ваше барање: "Да се усогласи Програмата за работа на здружението РАДКО со членовите 2, 3 и 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите".**

**01.01.** Во Член 2 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: "Граѓаните слободно можат да се здружуваат во здруженија на граѓани и да основаат фондации заради остварување и заштита на економски, социјални, културни, научни, стручни, технички, хуманитарни, образовни, спортски и други права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и законот.
Здруженијата на граѓани и фондациите се непрофитни организации.
Ако во работењето на здруженијата на граѓани и фондациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена исклучително за поддржување и остварување на нивните цели и активности утврдени со статутот".
Во овој член 2 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, здружението РАДКО не гледа нешто коешто е врзано со Програмата за работа на здружението, за да бидеме во можност нешто да усогласиме со овој член. Вие немате наведено ништо конкретно во тој смисол!

**01.02.** Во Член 3 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: "Здруженијата на граѓани и фондациите не можат да вршат политички активности или да го користат својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии.
Како политичка активност во смисла на ставот 1 на овој член се подразбира директно учество во изборната кампања или собирање на средства за изборната кампања и финансирање на политичките партии".
Во овој член 3 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, здружението РАДКО не гледа нешто коешто е врзано со Програмата за работа на здружението, за да бидеме во можност нешто да усогласиме со овој член. Вие немате наведено ништо конкретно во тој смисол!

**01.03.** Во Член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓани и фондациите не можат да бидат насочени кон:
- насилно уривање на уставниот поредок на Републиката,
- поттикнување или повикување на воена агресија и
- разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост".

**Основните вредности и принципи на здружението "РАДКО" се:**
**Достоинството на човечката личност.**

Христијанството го издига достоинството на човечката личност како највиша вредност, којашто ги обединува човешките способности, придавајќи им насока и содржина. Обезценувањето на човечката личност ја одрекува христијанската смисла на животот и предизвикува дуализам во човечкото сознание, коешто може да причини многу страдања.

Коко венец на создавањето секој човек го носи во себеси “Божјиот образ“ и со својата слободна воља е повикан да се стреми кон духовно и морално усоваршување.
Здружението “РАДКО“ верува дека секоја личност е дарена со безусловно и незаменливо достоинство и е ценета сама по себе. Задачата на општеството, државата и политиката е да го заштитува човечкото достоинство во секојдневниот живот. Го споделуваме сознанието дека човекот е несовршен и дозволува грешки, и дека суштествува можност, користејќи ја својата слобода, тој да не успее.
**Слобода.**
Границата за слободата на човекот се простира до слободата на другите луге. Но слободата на другите луѓе не е само граница, воедно е и предпоставка за слободата на секој. Обштеството и државата го должи на секој човек просторот во коешто тој треба да се развива и коешто никој не може да му го земе.
Според Христијанството слободата е духовна категорија, бидејки таа припаѓа не на матерјалниот, а на божествениот и богоподобниот свет. Човекот е слободен, бидејки тој е Божја творба и како таков тој може да се самоопределува кон барањата на моралот, односно да го прима моралот како норма на однесување или да го отфрла.
Според Христијанството не суштествува абсолутна слобода. Таа секогаш е релативна и може да биде политичка, граѓанска и лична. Вистинската слобода не може да суштествува надвор од личноста, сама по себе си. Ако човек не е духовно слободен, тој е роб на своите слабости и пороци и на тој начин тој се лишува од сопствените права.
**Одговорност.**
Човекот има можност сам да избира што да прави, а притоа носи одговорност за своите дејствија. Слободата на човекот е незамислива без одговорноста. Само слободниот човек може да носи одговорност пред сопствената совест, да биде одговорен кон останатите лиѓе, кон минатите и идните поколенија.
Во Христијанството слободата добива највисок и потполен смисол само тогаш, кога се изразува во нејзината сврзаност со одговорноста на човекот пред Бога, пред себе си и пред ближните. Таа одговорна слобода добива особена вредност не само во областа на политичкота и економскота изградба, туку и во сферата на уметноста, техниката и науката. Лишени од морални основи и при состојба на несовршеност на човекот, тие области на пројава на човечкиот дух се претвараат во разрушителни сили.
**Праведност.**
Праведноста ги гарантира условите коишто се нужни за реализација на слободата. Членовите на здружението “РАДКО“ го споделуваат убедувањето за еднакви можности за самореализација на човечката личност. Тоа е јадрото на нашето видување за праведност. Ние веруваме, за да се постигне повеќе праведност, треба да се создадат повеќе можности за секој човек.
**Солидарност.**
Солидарноста преставува споделена одговорност по силата на којашто луѓето взаемно со помагаат. Солидарноста означува и можност на луѓето да учествуваат во постигнувањето на заедничките цели и во наголемувањето на благосостојбата на општеството.
**Толерантност.**

Толерантноста претставува уважување кон различните вредносни претстави на луѓето, коишто се во рамките на законот. Готовноста за уважување на луѓето и тогаш, кога нивните разбирања се различни од твоите и подготвеноста да не се навлегува во нивната слобода.

**Семејството.**

Христијанското семејство е свето. Бракот во Христијанството е воздигнат во тајна. Тој е институција, востановена од Бога и е осветена од Црквата. Во христијанското семејството мажот и жената го поставуваат почетокот на една заедница на љубовта, во којашто тие поседуваат едно исто човечко достоинство и еднакво се повикани кон создавачки труд и морален развиток. Воедно во семејството се изживуваат и споделуваат вредностите на коишто се гради општеството, во него се изградува тоа коешто секоја една заедница ја прави внатрешно силна – обединување на слободата и одговорноста.

**Родољубие.**

Родољубието претставува сознание за собствените корени и однос кон собствениот потекло. Опстојување на становиштата коишто имаат свои основи во чувството на припадност. Баланс меѓу националното самосознание и европското обединување.

**Традиција.**

Зачувувањето на традициите, предавани од поколение на поколение, зачувувањето на болгарската историја, култура и јазик, но истовремено и сврзување на традициите со реалностите на секојдневието, сврзување на традицијата со модерноста.

**Антикомунизам.**

Идејното наследство на МАКЕДОНСКОТО ОСВОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕНИЕ, како идејно наследство на антикомунизмот, за здружението "РАДКО" претставува основа за морален избор, бидејки антикомунизмот претставува вредносен систем.

Антикомунизмот е и политичко и духовно поведение на спротиставувањето на реставрацијата и на рецидитивите на комунистичкото тоталитарно минато и на србокомунистичкото (македонистичкото) робство на Болгарите во Р. Македонија.

**Основните цели на здружението "РАДКО" се:**

- Здружението да биде организација којашто ќе ги афирмира и реализира идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ;
- Здружението да биде организација на способни, предприемчиви и уверени во себе си граѓани, коишто можат да превземаат одговорност за себе си, за своите семејства и за својата Болгарска историско-културна заедница во Р. Македонија;
- Здружението да биде организација изградена врз основа на традициите на европската христијанска цивилизација и на христијанските и демократските традиции на Болгарската ренесанса од 19 век;
- Здружението да биде организација којашто го интегрира општеството кон вредностите на Европејскиот сојуз и влиае кон усвојувањето на добрите европски практики;
- Здружението да биде организација којашто не ги прифаќа комунистичките и другите тоталитарни идеологии;
- Здружението да биде организација чиишто членови активно учествуваат во развивањето на болгарската култура и духовност;

- Здружението да биде организација чиишто членови ги уважуваат и пазат законите на државата, ги заштитуваат своите права и законски интереси и ги уважуваат правата и законските интереси на другите.

**Основните задачи на здружението “РАДКО“ се:**

- Болгарите од Р. Македонија да претставуваат конститутивен елемент во Уставот на државата;
- Еден од службените јазици на државата да биде и Болгарскиот литературен јазик;
- Афирмација на Болгарската историја и култура;
- Заштита од присвојување и фалсификување на Болгарската историја и култура;
- Возобновување на потребните културно-образовни и црковни институции во Р. Македонија по подобие на болгарските културно-образовни и црковни институции коишто суштествуваа на територијата на Р. Македонија во времето на Османската империја, се разбира прилагодени на современите услови и потреби;
- Возобновување на духовното и културното единство на Болгарите од Р. Македонија и Болгарите од Р. Болгарија;
- Заштита на Болгарите во Р. Македонија од репресии, полициско набљудување и малтретирање, прогонување, дискриминација и културен геноцид.

Во овој член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, здружението РАДКО не гледа нешто коешто е врзано со Програмата за работа на здружението, за да бидеме во можност нешто да усогласиме со овој член. Вие немате наведено ништо конкретно во тој смисол!

**Забелешка:** Здружението “РАДКО“ беше регистрирано во “Регистарот на здруженија“ на ден 19.06.2000г. под бр. Рег.Згфа.бр.18/2000 со Решение на Основниот суд – Охрид со иста Програма и Статут на здружението.

Уставниот суд на Р.М. на ден 21.03.2001г. ги прогласи за ништавни програмата и статутот на здружението повикувајки се на Член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите. Ова Решение на Уставниот суд на Р.М. беше публикувано во Службен Весник на Р.М. бр. 27 од 10.04.2001г..

Здружението “РАДКО“ незадоволно од Решението на Уставниот суд на Р.М. направи жалба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во Страсбург. Жалбата беше регистрирана под бр. 74651/01 на ден 04.10.2001г..

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на ден 15.01.2009г. донесе пресуда дека Р. Македонија ја нарушила Европската конвенција и правото на здружување.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) со писмо од 05.05.2009г. го информира здружението “РАДКО“ дека пресудата донесена на ден 15.01.2009г. станала правосилна, бидејки Р. Македонија не се жалила на горенаведената пресуда. **(Крај на забелешката)**

**02. Ваше барање: “Да се усогласи Статутот на здружението РАДКО со членовите 2, 3, 4, 5, 20, 26 и 61 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите“.**

**02.01.** Во Член 2 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: “Граѓаните слободно можат да се здружуваат во здруженија на граѓани и да основаат фондации заради остварување и заштита на економски, социјални,

културни, научни, стручни, технички, хуманитарни, образовни, спортски и други права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и законот.
Здруженијата на граѓани и фондациите се непрофитни организации.
Ако во работењето на здруженијата на граѓани и фондациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена исклучително за поддржување и остварување на нивните цели и активности утврдени со статутот".
По Член 4 на Статутот на здружението: "Здружението "РАДКО" е самостојна, општествена, национално-културна и политичка организација на Болгарите од Р. Македонија.
Здружението "РАДКО" е создадено заради заштита и реализација на национално-културни и политички права, интереси и убедувања на Болгарите од Р. Македонија".

**02.02.** Во Член 3 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: "Здруженијата на граѓани и фондациите не можат да вршат политички активности или да го користат својот имот и средства за остварување на цели на политичките партии.
Како политичка активност во смисла на ставот 1 на овој член се подразбира директно учество во изборната кампања или собирање на средства за изборната кампања и финансирање на политичките партии".
Во овој член 3 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, здружението РАДКО не гледа нешто коешто е врзано со Статутот на здружението, за да бидеме во можност нешто да усогласиме со овој член. Вие немате наведено ништо конкретно во тој смисол!

**02.03.** Во Член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓани и фондациите не можат да бидат насочени кон:
- насилно уривање на уставниот поредок на Републиката,
- поттикнување или повикување на воена агресија и
- разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост".

По Член 8 на Статутот на здружението: "Основните вредности и принципи на здружението "РАДКО" се:
- достоинството на човечката личност;
- слободата;
- одговорноста;
- праведноста;
- солидарноста;
- толерантноста;
- семејството;
- родољубието и
- традициите."

По Член 9 на Статутот на здружението: "Идејното наследство на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ, како идејно наследство на антикомунизмот, за здружението "РАДКО" претставува основа за морален избор, бидејки антикомунизмот претставува вредносен систем.
Антикомунизмот е и политичко и духовно поведение на спротиставувањето на реставрацијата и на рецидитивите на комунистичкото тоталитарно минато и на

србокомунистичкото (македонистичкото) робство на Болгарите во Р. Македонија“.

По Член 10 на Статутот на здружението: “Основните цели на здружението “РАДКО“ се:

- здружението да биде организација којашто ќе ги афирмира и реализира идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ;
- здружението да биде организација на способни, предприемчиви и уверени во себе си граѓани, коишто можат да превземаат одговорност за себе си, за своите семејства и за својата Болгарска историско-културна заедница во Р. Македонија;
- здружението да биде организација изградена врз основа на традициите на европската христијанска цивилизација и на христијанските и демократските традиции на Болгарската ренесанса од 19 век;
- здружението да биде организација којашто го интегрира општеството кон вредностите на Европејскиот сојуз и влиае кон усвојувањето на добрите европски практики;
- здружението да биде организација којашто не ги прифаќа комунистичките и другите тоталитарни идеологии;
- здружението да биде организација чиишто членови активно учествуваат во развивањето на болгарската култура и духовност;
- здружението да биде организација чиишто членови ги уважуваат и пазат законите на државата, ги заштитуваат своите права и законски интереси и ги уважуваат правата и законските интереси на другите“.

По Член 11 на Статутот на здружението: “Основните задачи на здружението “РАДКО“ се:

- Болгарите од Р. Македонија да претставуваат конститутивен елемент во Уставот на државата;
- Еден од службените јазици на државата да биде и Болгарскиот литературен јазик;
- Афирмација на Болгарската историја и култура;
- Заштита од присвојување и фалсификување на Болгарската историја и култура;
- Возобновување на потребните културно-образовни и црковни институции во Р. Македонија по подобие на болгарските културно-образовни и црковни институции коишто суштествуваа на територијата на Р. Македонија во времето на Османската империја, се разбира прилагодени на современите услови и потреби;
- Возобновување на духовното и културното единство на Болгарите од Р. Македонија и Болгарите од Р. Болгарија;
- Заштита на Болгарите во Р. Македонија од репресии, полициско набљудување и малтретирање, прогонување, дискриминација и културен геноцид“.

По Член 12 на Статутот на здружението: “Здружението “РАДКО“ своите цели и задачи ги остварува преку:

- индивидуално и колективно дејствување на членовите, органите и телата на здружението;
- соработка на здружението со сооодвтни здруженија и структури од земјата и странство“.

Во овој член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, здружението РАДКО не гледа нешто коешто е врзано со Статутот на

здружението, за да бидеме во можност нешто да усогласиме со овој член. Вие немате наведено ништо конкретно во тој смисол!

**Забелешка:** Здружението "РАДКО" беше регистрирано во "Регистарот на здруженија" на ден 19.06.2000г. под бр. Рег.Згфа.бр.18/2000 со Решение на Основниот суд – Охрид со иста Програма и Статут на здружението.

Уставниот суд на Р.М. на ден 21.03.2001г. ги прогласи за ништавни програмата и статутот на здружението повикувајки се на Член 4 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите. Ова Решение на Уставниот суд на Р.М. беше публикувано во Службен Весник на Р.М. бр. 27 од 10.04.2001г..

Здружението "РАДКО" незадоволно од Решението на Уставниот суд на Р.М. направи жалба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во Страсбург. Жалбата беше регистрирана под бр. 74651/01 на ден 04.10.2001г..

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на ден 15.01.2009г. донесе пресуда дека Р. Македонија ја нарушила Европската конвенција и правото на здружување.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) со писмо од 05.05.2009г. го информира здружението "РАДКО" дека пресудата донесена на ден 15.01.2009г. станала правосилна, бидејки Р. Македонија не се жалила на горенаведената пресуда. **(Крај на забелешката)**

**02.04.** Во Член 5 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: "Здруженијата на граѓани и фондациите имаат статут.

Здруженијата на граѓани и фондациите се самостојни во организирањето и остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со статутот.

Здруженијата на граѓани и фондациите своите права, должности и одговорности ги остваруваат согласно со Уставот, закон и статутот".

Во овој член 5 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, здружението РАДКО не гледа нешто коешто е врзано со Статутот на здружението, за да бидеме во можност нешто да усогласиме со овој член. Вие немате наведено ништо конкретно во тој смисол!

**02.05.** Во Член 20 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои: "Статутот на здружението на граѓани, особено содржи:

- име и седиште на здружението на граѓани;
- цели и задачи на здружението на граѓани, облици и начин на дејствување;
- органи, начин на нивниот избор и оптоварување и нивниот меѓусебен однос;
- траење на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите;
- стекнување и располагање со имотот;
- остварување на јавност во работата;
- определување на услови за основање ограноци (организациони единици);
- услови и начин на пристапување и исклучување од здружението на граѓани;
- претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица;
- престанок на здружението на граѓани;
- постапување со имотот на здружението на граѓани во случај на престанок на здружението и
- други прашања утврдени со закон".

Во Статутот на здружението сите овие елементи наведени во Член 20 ги имаме запазено.

**02.06.** Во Член 26 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои:
“Статутот на здружението на граѓани, особено содржи:
Седница на собранието свикува претседателот на собранието.
Седница на собранието се свикува и по предлог на извршниот орган или на 1/5 од вкупниот број членови на собранието.
Ако претседателот на собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува извршниот орган или иницијаторите.
Седница на собранието за работата на извршниот орган може да се свика и на предлог на органот од членот 63 на овој закон.
Начинот на свикување на седница се определува со статутот на здружението или деловникот за работа“.
Во Член 63 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои:
“Со статутот на здруженијата на граѓани и фондациите се утврдува органот кој врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на здруженијата на граѓани и фондациите.
Органот од ставот 1 на овој член е составен од членови, лица на здруженијата на граѓани и фондациите кои се избираат на начин предвиден со статутот.
Секој член има право да бара да изврши увид во користењето на средствата и приходите на здруженијата на граѓани и фондациите на начин утврден со статутот“.
По Член 20 на Статутот на здружението:
“Седница на собранието свикува претседателот на собранието.
Седница на собранието се свикува и по предлог на Извршниот Комитет или на 1/5 од вкупниот број членови на собранието.
Ако претседателот на собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот Комитет или иницијаторите.
Начинот на свикување на седница ја определува Извршниот Комитет.
Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.
Одлуката на Собранието е полноважна ако е донесена со мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието“.
По Член 22 на Статутот на здружението:
“Собранието избира извршен орган - Извршен комитет, во кој мнозинството од членовите се државјани на Република Македонија.
Извршниот комитет го сочинуваат седум членови. Председателот на Извршниот комитет е Претседателот на здружението.
Извршен комитет:
- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на Статутот, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на здружението;
- подготвува годишни, или периодични извештаи за својата работа;
- врши и други работа“.

По Член 30 на Статутот на здружението: “Контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на здружението ја врши Извршниот комитет“.
По Член 15 на Статутот на здружението:
“Членот на здружението ги имо следните права, обврски и задолженија:
- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и документите на здружението “РАДКО“, како и активностите кои од нив произлегуваат;
- да учествува во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање, преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на здружението;
- да избира и да биде избиран во телата и органите на здружението;
- редовно да биде информиран за активностите на здружението;
- да бара да се изврши увид во користењето на средствата и приходите на здружението врз основа на писмено барање упатено до Извршниот Комитет на здружението;
- за својата работа одговара пред соодветните органи и тела на здружението“.
По Член 31 на Статутот на здружението: “Секој член на здружението може да бара да се изврши увид во користењето на средствата и приходите на здружението врз основа на писмено барање упатено до Извршниот Комитет на здружението“.

**02.07.** Во Член 61 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите стои:
“Здруженијата на граѓани и фондациите можат да стекнуваат предмети, парични средства и имотни права.
Здруженијата на граѓани и фондациите средствата ги стекнуваат од членарина, прилози, донации, подароци и слично и со нив располагаат во согласност со статутот и со закон.
Здруженијата на граѓани и фондациите можат да остваруваат приходи и од добивката на трговските друштва што ги основале со средства на здружението и од други извори.
Здруженијата на граѓани и фондациите можат да добиваат средства од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје.
Средствата од ставот 4 на овој член се добиваат врз основа на претходно изготвени програми (проекти) од здруженијата на граѓани или фондациите кои ќе бидат одобрени од Владата на Република Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на Град Скопје, во согласност со закон“.
По Член 29 на Статутот на здружението: “Здружението финансиски средства обезбедува од:
- членарина;
- прилози;
- спонзори и донатори;
- подароци;
- приходи од сопствени дејности;
- други приходи“.

**03. Ваше барање: Актите кон Пријавата за упис на основање да бидат напишани на македонски литературен јазик кој се употребува како службен јазик.**

Актите кон Пријавата за упис на основање се напишани на службениот јазик на државата. Ако евентуално во текстот на нашите Акти се наоѓаат “архаични“ болгарски дијалектни зборови, Ве молиме за разбирање, бидејки ние, членовите на здружението РАДКО за сопствен мајчин јазик го сметаме Болгарскиот литературан јазик.

**04. Ваше барање: Приложените Акти да бидат за основање, а не за континуитет.**

Континуитетот на здружението во приложените Акти треба задолжително да биде наведено. На тоа не обврзува пресудата бр. 74651/01 од 15.01.2009 г. на Европскиот суд за човекови права и потврдата за правосилност на истата од 05.05.2009 г.

**05. Ваше барање: Во името на здружението на граѓани да се опише целта на здружението.**

По Член 3 на Статутот на здружението:

Името на здружението е: здружение “РАДКО“.

Здружението “РАДКО“ се занимава со афирмација и реализација на идеите на МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ.

**06. Ваше барање: Актот за основање да биде потпишан од основачите на здрузжението.**

Актот за основање, Статутот и Програмата на здружението РАДКО се потпишани од основачите на здружението.

Прилог:
- Корегиран Акт за основање на здружението;
- Корегиран Статут на здружението и
- Корегирана Програма на здружението.

Со почит

Здружение РАДКО
Претседател
Владимир Паунковски
ул. Галичица бр. 47, 2/4
6000 Охрид
GSM: + 389 71 51 08 26
E-Mail: radkomk@gmail.com
Website: www.radkomk.com